РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2105/5
20.05.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 15.05.2025 година

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** /

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (годишен одмор).**

**Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот-шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска го заменуваше директорот на Агенцијата согласно Овластување, арх. бр.03-1112/1 од 19.03.2025 година.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, Маја Дамевска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, Лазо Петрушевски ја отвори 20-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

*Забелешка: г-дин Ајдини, поради технички причини, на седницата преку видео конференциска врска имаше пристап само со аудио врска, без можност за видео пренос.*

Г-дин Трајчев се надоврза на дискусијата од претходната седница во врска со Дневниот ред и предложи да се воведе точка „Разно". Како причина го наведе фактот дека одредени членови на Советот можеби ќе имаат потреба да се произнесат или да отворат прашање за одредена тема, без истата претходно да биде формално предложена како посебна точка на дневниот ред. Тој посочи дека точката „Разно" претставуваше редовна и вообичаена пракса во работата на Советот во изминатите години, а така е и во бројни други институции. Со воведувањето на оваа точка би се овозможил поголем степен на флексибилност и слобода во работата на членовите на Советот, при што секој член, на секоја седница, би имал можност да изнесе свое мислење, предлог или коментар за определена состојба, без притоа да има обврска тоа однапред да го формулира како точка на дневниот ред. Г-дин Трајчев истакна дека улогата на членовите на Советот не се состои само во разгледување на однапред

подготвени точки од службите и претседателот на Советот, туку подразбира и активно вклучување преку лично видување и иницијативи во текот на самите седници.

Г-дин Петрушевски посочи дека и тој самиот има дадено предлог секој член на Советот да има право на почетокот на седницата да предложи нова точка на дневниот ред. Во своето излагање се осврна на три релевантни аспекти од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) и Деловникот за работа на Агенцијата. Најпрво, се повика на член 13, став 1 од ЗААВМУ, каде е утврдено дека седниците на Советот ги свикува претседателот на Советот. Дополнително, според став 7 од истиот член, материјалите за седниците ги подготвува Стручната служба на Агенцијата. Во тој контекст, нагласи дека доколку некоја точка што се предлага на самата седница бара подготвителна работа од службата, проблематично е истата да не биде најавена однапред, затоа што службата нема да има можност да ја подготви соодветно. На пример, дискусија во рамки на точка „Разно" за присуството на членовите на седниците од формирањето на Советот до денес. За таква дискусија е неопходно службата однапред да изготви список со податоци за присуството, што не би било можно без навремена најава. Понатаму, се повика на член 20 од ЗААВМУ, каде се утврдени надлежностите на директорот, вклучително и правото да предлага одлуки што се во надлежност на Советот. Тој додаде дека е во постојана комуникација со Стручната служба по ова прашање. Во однос на Деловникот за работа на Агенцијата, го наведе член 19, каде се потврдува дека седниците ги свикува претседателот на Советот, што значи негово право е кои точки ќе ги предложи. Исто така, нагласи дека членовите кои нема да можат да присуствуваат на седницата се должни за тоа да го известат претседателот преку електронска пошта или телефон, што не секогаш се почитувало од страна на одредени членови. Дополнително, се осврна на член 22 од Деловникот, според кој дневниот ред на седницата се утврдува на нејзиниот почеток, на предлог на претседателот на Советот. Воедно, секој член има право на почетокот на седницата да предложи додавање нова точка поради што сега ќе го поддржи предлогот на г-дин Трајчев.

Г-дин Фиданоски во контекст на дискусијата изрази поддршка за правото на г-дин Трајчев да предложи точка „Разно" или конкретно именувана точка на дневниот ред. Тој нагласи дека тоа е деловничко право на секој член на Советот, како што претходно беше истакнато и од страна на претседателот на Советот, чија надлежност е да го составува дневниот ред и во таа форма да го предложи за усвојување на седница. Г-дин Фиданоски потсети дека и тој самиот, на почетокот од својот мандат, имал предложено конкретна точка на дневниот ред, меѓутоа, тогаш му било укажано дека за таа точка е потребно претходно да се подготви писмен материјал, што тој го прифатил како разумна и оправдана процедура. Во однос на точката „Разно", истакна дека Советот и претходно ја имал како практика. Сепак, додаде дека е право на претседателот на Советот да одлучи дали истата ќе биде предложена како точка на дневниот ред. Како можен компромис, предложи доколку не е предвидена точка „Разно" на дневниот ред, секој член кој има потреба да се произнесе за прашање поврзано со работата на Советот или со тековни теми од медиумската сфера, може да предложи конкретна точка на дневниот ред, без однапред задолжителна најава на содржината. Сепак, тоа не значи дека по предложената точка мора да следи дискусија или да се донесат заклучоци. Тој посочи дека дава поддршка на г-дин Трајчев да се произнесе по одредено прашање во рамки на надлежностите на Советот или поврзано со медиумската сфера, доколку тоа е неговата намера.

Г-дин Трајчев истакна дека воопшто не предлага точка „Разно" затоа што има конкретна потреба да се произнесе по одредена тема на оваа седница, туку принципиелно предлага таа точка да биде вклучена како редовна практика на секоја седница. Во однос на излагањето на г-дин Петрушевски, тој нагласи дека внимателно ги сослушал аргументите и наведените одредби од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) и Деловникот за работа, и констатира дека тие одредби не претрпеле никакви измени во изминатите десет години. Истите биле на сила и тогаш кога Советот практикувал редовно вклучување на точка „Разно" на дневниот ред, и врз основа на тие одредби биле разгледувани предлозите доставени од страна на членовите. Тој додаде дека не го оспорува правото на г-дин Петрушевски, како претседател на Советот, да го составува дневниот ред, и дека тоа право му е загарантирано со важечките прописи. Она што го изненадува, како што посочи, е зошто по толку време на воспоставена практика која овозможуваше на членовите слободно да дискутираат за одредени прашања, и тоа прашања кои, како што спомена и г-дин Фиданоски, не секогаш бараат подготовка на материјали од страна на Агенцијата – одеднаш се укинува таа можност. Г-дин Трајчев нагласи дека неговиот предлог не произлегува од лична потреба, бидејќи според негово сеќавање, никогаш лично не ја искористил можноста за дискусија под точка „Разно", туку дека се залага за ова од принципиелни причини. Посочи дека е важно членовите на Советот да имаат демократска слобода за изразување и да можат, на секоја седница, да се произнесат по прашања кои ги сметаат за значајни. Повтори дека сите членови и правни одредби кои досега биле цитирани се непроменети, и дека токму врз основа на нив претседателот г-дин Петрушевски и претходно предлагал точка „Разно", со што се овозможувала слободна и демократска размена на ставови. Потенцираше дека сега, без да биде правно спорно, претседателот на Советот избрал да го користи своето право на начин кој, според негово мислење, ограничува одредени права на членовите поради што е нејасно зошто по толку време, кога постоела отвореност за дискусија, се применува таков пристап.

Г-дин Петрушевски изрази сомнеж во намерите на г-дин Трајчев, земајќи го предвид неговото искуство од изминатите десет години. Сепак, потенцираше, дека ќе го поддржи правото на г-дин Трајчев, како член на Советот, предлогот точката „Разно" да биде вклучена во дневниот ред. Г-дин Петрушевски додаде дека не смета дека е потребно јавно да објаснува зошто го донел споменатиот став и одлука, бидејќи предложувањето дневен ред е негова законска надлежност како претседател на Советот на Агенцијата, што е утврдено и со соодветните законски прописи. На крајот, посочи дека г-дин Трајчев може да побара поддршка од членовите на Советот за избор на друг претседател, којшто можеби ќе постапува поинаку.

Г-дин Трајчев рече дека иако размислувал дали во иста мера да одговори за кажаното од г-дин Петрушевски, кој не би можел да ги знае неговите намери, од пристојност решил да се воздржи. Тој повтори дека целата дискусија и предлогот за точката „Разно" се исклучиво поради принципиелни причини, со цел да им се овозможи на членовите на Советот слобода на изразување, што претходно било честа практика. Г-дин Трајчев нагласи дека со ова ја завршува својата дискусија и нема да коментира понатаму и покрај тоа што смета дека ова не е првпат да се соочи со вакви лични испади, не само кон него, туку и кон други членови на Советот и го замоли г-дин Петрушевски да ги задржи за себе своите лични мислења и коментари за останатите членови на Советот.

Г-дин Петрушевски се согласи дека не е потребно дискусијата да продолжи во истиот правец. Потсети дека сите добро знаат што се случувало во изминатите десет години, како се однесувале членовите на Советот, колку придонеле за работењето на Агенцијата и кој што конкретно работел.

Г-дин Фиданоски апелираше да се одржи нивото и дигнитетот на работата во Советот. Потсети дека сите членови се колеги повеќе од десет години во оваа институција и иако понекогаш имале поинтензивни дискусии околу одредени прашања, сепак никогаш не биле преминати границите на „ад хоминем“ напади или лични обвинувања. Затоа, апелираше да се задржи културниот и професионален пристап во понатамошните разговори. Г-дин Фиданоски истакна дека право на претседателот на Советот е да го предлага дневниот ред, но смета дека би било разумно, во случај кога точката „Разно“ не е вклучена во дневниот ред, секој член да има можност да ја предложи оваа точка на почетокот од седницата, при утврдувањето на дневниот ред.

Советот на Агенцијата вклучувајќи ја и Точка 5 – Разно, едногласно го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.05.2025 година.
2. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: изнајмено печатење.
3. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: одржување на веб страниците на Агенцијата.
4. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка – под вредносни прагови за следниот предмет - стока: метален орман.
5. Разно

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 08.05.2025 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот-шеф на кабинет м-р Драгица Љубевска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: изнајмено печатење. Објасни дека оваа набавка е предвидена во Финансискиот план на Агенцијата, како и во Планот за јавни набавки за 2025 година. Со оглед на тоа што договорот кој ќе произлезе од оваа набавка ќе се склучи на период од две години,

преостанатиот дел од средствата ќе биде обезбеден со Финансискиот план за 2026 година. Посочи дека економскиот оператор треба да обезбеди непречено скенирање и печатење на работните материјали за потребите на договорниот орган – Агенцијата, со висок квалитет и без застој. За најповолна понуда ќе биде избрана онаа која ќе понуди најниска цена. Од овие причини, се предлага да се даде согласност за спроведување на постапката за јавна набавка.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на м-р Драгица Љубевска, овластено лице од страна на директорот на Агенцијата согласно Овластување, арх.бр.03-1112/1 од 19.03.2025 година, за спроведување на постапка за јавна набавка-услуга: Изнајмено печатење.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: Изнајмено печатење, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5321/1 од 27.12.2024 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година, односно ќе бидат дообезбедени во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2026-та година.

**Точка 3**

Раководителката Љубевска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: одржување на веб страниците на Агенцијата. Објасни дека оваа набавка е неопходна поради потребата од континуирано одржување на веб страниците и овозможување на нормално функционирање и одржување на VDS серверот. Наведе дека Агенцијата располага со четири веб страници: општата веб страница достапна на www.avmu.mk, како и страниците „Медиумска писменост“, „Родот и медиумите“ и „Изборен кодекс онлајн“. Договорот за јавна набавка ќе се додели според принципот на економски најповолна понуда, со критериум најниска цена. Средствата за оваа набавка се обезбедени во Финансискиот план, а набавката е предвидена во Планот за јавни набавки за тековната година.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на м-р Драгица Љубевска, овластено лице од страна на директорот на Агенцијата согласно Овластување, арх.бр.03-1112/1 од 19.03.2025 година, за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: одржување на веб страниците на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот: одржување на веб страниците на Агенцијата, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2025 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-5321/1 од 27.12.2024 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година.

**Точка 4**

Г-дин Петрушевски во врска со Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка – под вредносни прагови за следниот предмет - стока: метален орман, објасни дека оваа набавка ќе се реализира преку директно преговарање

или со избор меѓу неколку понуди како во овој случај, со оглед на тоа што се работи за набавка на метален орман. Предложи да се пристапи кон гласање по оваа точка, со цел да се даде одобрување директорот или раководителката Љубевска, која го заменува директорот, да го потпишат договорот со избраниот понудувач кој ќе ја понуди најниската цена.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување м-р Драгица Љубевска, овластено лице од страна на директорот на Агенцијата согласно Овластување, арх. бр.03-1112/1 од 19.03.2025 година, да донесе Одлука со која се одобруваат финансиски средства за набавка на стока: Метален орман/плакар со метална конструкција со 4 полици, со систем на централно заклучување, со проценета вредност под вредносните прагови со примена на Законот за јавните набавки, во износ од 18.958,00 без ДДВ (22.370,00 денари со вклучен ДДВ).

За реализирање на горенаведената услуга средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2025-та година.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**